# FOREVER

MACEDONIA

Јуни 2017 | Број 188

ОЧЕКУВАЈТЕ ВО 2018

## ИДНИНАТА НА АЛОЕ ВЕРА

**SUCCESS DAY**
**2.07.2017**
**Хотел „Holiday Inn“, Скопје**
**Почеток-11 часот**
**Ве очекуваме!**

**EMR17**
BARCELONA MONTE CARLO ROME
**Менаџер ОРЕЛ**

**Ви благодариме!**
**Gregg Maughan**






# Ви благодариме.

**Како можеш да се заблагодариш за часовите неуморна работа, за одвоеното време, за ентузијазмот, енергијата и високиот дух кои ги споделувате со нас? Никогаш не сум сигурен дали го кажуваме доволно често, но да се обидам уште еднаш: ВИ БЛАГОДАРИМЕ!**

Ви благодариме за сè што правите за да помогнете нашата компанија да биде најдобрата бизнис можност на светот. Ви благодариме за жртвите, за желбата да споделувате и да учите, ви благодариме што сте посветени да ги правите вистинските работи. Ви благодариме што ја правите иднината на Форевер толку светла.

Да ги празнувам вашите постигнувања и подемот на нашата компанија со 12 000 од вас во неверојатниот Дубаи беше доживување кое никогаш нема да го заборавам. Глобалното рели 2017 беше најдобро до сега. Очекувајќи со нетрпение догодина да се „вратиме дома“ во Далас и да ја одбележиме 40-та годишнина, знам дека најдоброто допрва претстои.

Ви благодарам за уште едно неверојатно Глобално рели и за тоа што навистина го претворивте во уникатно доживување.

**Не престанувајте да се смеете,**

Gregg Maughan

**Gregg Maughan**
Претседател на
Форевер Ливинг Продактс

# Да ги откриваш можностите

**Пред неколку месеци зборувавме за иновациите – треба да одиме напред и да прифаќаме промена, за да продолжиме да сме во чекор со времето и да растеме во она што го правиме. Но може и да биде тешко да ја прифатиме промената. Работите кои ги познаваме и разбираме, секогаш нѝ се чинат полесни, отколку да преземеме ризик и да се исправиме пред непознатото.**

Оние кои беа на Глобалното рели во Дубаи знаат дека оваа година не можев да бидам со вас. За мене таа промена беше тешка и во никој случај не пристапив лекомислено кон одлуката. Дали знаете дека ова е првата меѓународна средба на Форевер во историјата на компанијата која ја пропуштам?

Но ве уверувам дека причината беше сериозна. Две лица кои се многу важни за мене не беа добри и двајцата со Рут претпочитавме да останеме со нив додека закрепнат.

Едниот е драг пријател, кој е дел од семејството на Форевер од самиот почеток. Сите го познавате и сакате Rjay Lloyd. Двајцата сме израснале заедно. Бевме соученици и дури излегувавме со едни и исти девојки. Во март Rjay доби удар. Среќен сум што можам да ви кажам дека тој добро закрепнува и наскоро повторно ќе танцува со вас на следниот настан!

Другиот драг човек кој го спомнав е мојата помала сестра.

Во моментот Sue се бори со сериозно заболување. Се надеваме и се молиме нештата да се поправат, но сакавме да сме блиску во случај таа и Rjay да имаат потреба од нашата помош.

Кога се соочуваме со промени и тешки одлуки, изникнуваат и можности. За мене да не присуствувам на Глобалното рели во Дубаи беше шанса да бидам со оние кои имаа потреба од мене и да се потпрам на лидерските квалитети на Грег и способноста соодветно да ги прослави вашите успеси – нешто со кое бев сигурен дека тој одлично ќе се справи!

Грег е прекрасен син и фантастичен лидер во нашата компанија. Воодушевен сум од она што тој го постигнува.

Неговата кампања за удвојување на бизнисот е одлична идеја и ве охрабрувам да се вклучите во неа и да ја популаризирате во своите групи. Колку можеме да ги промениме работите, ако секој од нас прави по малку повеќе!

Не сакам да мислите дека не се радував на вашите постигнувања, макар и оддалеку! Благодарение на технологијата секој ден го гледав Глобалното рели во живо од салата за состаноци заедно со посветениот тим во Централната канцеларија – и покрај временската разлика!

Ги познавам повеќето од вас одамна и имав исклучително задоволство да видам дека сте постигнале ново ниво во маркетинг планот и дека добивате уште поголем чек од програмата Chairman's Bonus. Бев благодарен што можам да го споделам возбудливото доживување и со нашиот тим тука во канцеларијата.

**„Грег е прекрасен син и фантастичен лидер во нашата компанија. Воодушевен сум од она што тој го постигнува."**

Промената може да биде тешка, но таа може да доведе и до неверојатни нешта, а ние сме во одлична позиција за да се нурнеме во иднината на Форевер. Толку сум воодушевен од сè што нѝ претстои – особено од новиот гел од алое вера во „Тетра Пак" опаковка. Нашиот тим работи на оваа иновација подолго време и таа ќе му помогне на вашиот бизнис да се движи напред.

Бидете смели! Не се плашете од промените и барајте ги можностите во секоја пречка!

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**



# EMR17

## Менаџер ОРЕЛ




Им честитаме на лидерите кои се стекнаа со една од најпрестижните титули во светот на Форевер, кои ќе ја претставуваат Македонија во 2017-та на крузерот и ќе ги посетат Барселона, Монте Карло и Рим, заедно со елитата на компанијата!

За трудот што го вложија за да се квалификуваат ќе бидат наградени со фантастично доживување. Ги очекуваат четири незаборавни денови на луксузен брод кој ќе ги одведе во три од најубавите средоземноморски градови – Барселона, Монте Карло и Рим.

Амбициозните сопственици на Форевер бизнис ќе отпловат кон нови висини во бизнисот заедно со своите колеги од цел свет. Тие ќе разменат драгоцени искуства и ќе се инспирираат меѓусебно. Возбудливите искуства од патувањето ќе бидат дополнети со квалитетни обуки, дружење и многу забава!

**Сениор Менаџер ОРЕЛ**

**Др. Снежана Контра**

**Менаџер ОРЕЛ**

**Др. Роза Гелевска**

# Бизнис предизвик

Заработете викенд во Софија (6 – 8 октомври) и присуство на Ден на успех на 7 октомври. Специјален гостин на Ден на успехот е Миклош Беркич, Дијамант Менаџер од Унгарија.

*Период на квалификација: јуни – август 2017*






**За Новус клиенти и Асистент Супервизори**

- Направете порачки на личен код од најмалку 1 бод месечно во периодот на квалификација
- Спонзорирајте и развијте најмалку 3 нови Ас.Супервизори во периодот јуни-август

За вкупно 10 бода (вашите лични и бодовите од сите нови членови во период јуни-август), добивате викенд за 1 лице. Во случај вкупните бодови да бидат 15 -добивате викенд за две лица.

**За Супервизори и Ас.Менаџери**

- Бидете активни (4 бода) секој од месеците на квалификација
- Спонзорирајте и развијте најмалку 3 нови Ас.Супервизори во периодот јуни-август

За вкупно 15 бода (вашите лични и бодовите од сите нови членови во период јуни-август), добивате викенд за 1 лице. Во случај вкупните бодови да бидат 20 -добивате викенд за две лица.

**За Менаџери**

- Бидете активни (4 бода) секој од месеците на квалификација
- Спонзорирајте и развијте најмалку 3 нови Ас.Супервизори во периодот јуни-август

За вкупно 20 бода (вашите лични и бодовите од сите нови членови во период јуни-август), добивате викенд за 1 лице. Во случај вкупните бодови да бидат 25 -добивате викенд за две лица.

Патувањето вклучува превоз Скопје - Софија, две ноќевања (6 и 7 октомври) и присуство на Ден на успех во Софија на 7 октомври. Наградата не може да се пренесе на друго лице.

За подетални информации обратете се на 02 2465846 или flp@t-home.mk












2x YOUR FOREVER



*СТЕФАН И ТАЊА СТАЕВИ*

# Разговарајте со повеќе луѓе!

**Почитувани сопственици на Форевер бизнис, драги пријатели,**

за време на последниот Success Day во Софија на крајот на април имавме задоволство да видиме на сцената неколку сопственици на Форевер бизнис кои во изминатата година го удвоиле својот бизнис (2x) и кои го споделија ентузијазмот од тоа. Некои го удвоиле обртот на својот тим од 20 б. на 40 б., други од 40 б. на 90 б. Имавме можност да разговараме со сите и да ги прашаме за нивниот „рецепт“ за постигнување на таков раст. Што направиле во изминатиот период за да ја остварат промената?

Можеме да кажеме дека не бевме изненадени од нивните одговори, кои на еден или друг начин ни го кажуваа истото: оваа година РАЗГОВАРАВМЕ СО ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ... Тоа е! Звучи едноставно и секој може да го направи, зарем не? Да разговараме со повеќе луѓе за придобивките од употребата на производите на Форевер и за достапната за секого можност за градење на сопствен бизнис со нашата компанија, без потреба од инвестиции, без ризик и со слободата сами да избирате кога, колку и со кого да ја развивате дејноста.

Сите кои го удвоиле бизнисот работеле со список со имиња и им помагале на луѓето кои ги спонзорирале да одат по нивните чекори. Се поврзувале со повеќе луѓе, поканувале повеќе луѓе, организирале повеќе средби и РАЗГОВАРАЛЕ СО ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ. Го употребувале прирачникот „Први чекори до Менаџер“ и ги обучувале луѓето кои ги спонзорирале да го прават истото. Не пропуштале презентации кои фирмата ги организирала, обуки или Денови на успехот и секогаш воделе нови гости. Штом тие можат да го направат, зошто да не може и секој од вас?

## РАЗГОВАРАЈТЕ СО ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ!

Удвојте го вашиот бизнис и исполнете ги вашите соништа! А за возврат ќе започнете да добивате месечни бонуси кои нема да се само два пати повисоки, туку три, четири па и повеќе пати повисоки.

**Вреди!**

Со љубов и секогаш со Вас

*Стефан и Тања Стаеви*

# SUCCESS DAY 22.04.2017


























# ИДНИНАТА НА АЛОЕ ВЕРА

Пред речиси 40 години се роди сонот на Рекс Мон да ги понуди неверојатните квалитети на алое вера на луѓето во целиот свет, за да им помогне да изгледаат и да се чувствуваат подобро. И иако поминаа четири децении, алоето секогаш било и ќе биде во основата на сè што Форевер прави!

**Сигурни сме дека сте ги забележале подобрувањата во асортиманот на производи, во маркетинг планот, во производствените капацитети па дури и во вашите искуства за време на нашите настани.**

Иновациите се важен дел од секој бизнис и ние секогаш бараме начини да се усовршуваме. Пред малку повеќе од месец ја објавивме најзначајната во историјата на Форевер производна иновација – појавата на НОВИОТ ГЕЛ ОД АЛОЕ ВЕРА во „Тетра Пак“ опаковка.

Промената не е само во дизајнот. Растејќи постојано, ние осознаваме дека треба да продолжиме да бараме методи за заштита на околната средина. Иновативната „тетра“ опаковка се состои од седум слоеви 100% рециклирачки материјали и се составува во моментот на полнење, што значително го оптимизира производството. Знаеме дека за многумина жолтата тубичка на ГЕЛОТ ОД АЛОЕ ВЕРА е симбол на Форевер, но исто така знаеме дека најважното е што има внатре. Затоа со возбуда сакаме да дополниме дека новиот тип опаковка ќе ни дозволи да ви ги предложиме омилените пијалоци од алое вера без конзерванси!

Затоа четирите варијанти – Aloe Vera Gel®, Forever Freedom®, Forever Aloe Berry Nectar® и Forever Aloe Bits N' Peaches®, ќе добијат нова стилска и еколошка опаковка, која ќе стигне до вас во 2018 год. Со повеќе детали ќе ве запознаеме во идните месеци, но можете да сте спокојни дека ќе продолжиме да ги предлагаме и четирите пијалоци, а Форевер и понатаму ќе го произведува висококвалитетното алое, кое сите го познавате и сакате.




**ОЧЕКУВАЈТЕ ВО 2018**

## Клуб 4 – второ ниво

Др. Гордана Алексиќ

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

Абдију Ервин – Ростуше
Андов Милан – Неготино
Бојаџијев Марија – Куманово
Бубевски Владимир – Скопје
Величковски Зоран – Куманово
Димитриеска Бранка – Скопје
Златески Мирослав – Кавадарци
Јуруковска Драгица – Скопје
Кирова Стефанова Светлана – Неготино
Колева Цветанка – Неготино
Кулакова Соња – Неготино
Марков Лазар – Неготино
Ристова Маринела – Велес
Ризинова Ѓурѓа – Неготино
Салих Емра – Куманово
Халими Ќазим – Куманово
Џејлане Неџипи – Куманово
Шенај Зимбери – Куманово

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др. Роза Гелевска
2. Др.Снежана Контра
3. Славица Донакова
4. Блага Крстеска
5. Слафко Михајловски
6. Катерина Трајчевска
7. Вера Златковска
8. Жарко Георгиевски
9. Дончо Ѓорѓиев
10. Др.Гордана Николиќ

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др. Роза Гелевска
2. Жарко Георгиевски
3. Славица Донакова
4. Вера Златковска
5. Др.Снежана Контра
6. Др.Теута Ајети
7. Др.Гордана Николиќ
8. Катерина Трајчевска
9. Младен Димовски
10. Слафко Михајловски

Дали сте подготвени да го УДВОИТЕ вашиот Форевер бизнис?
Само оние кои организираат или посетуваат редовно средби и презентации, водејќи со себе НОВИ луѓе, имаат шанса за успех со Форевер!

Ве очекуваме на нашата отворена презентација во

**Кавадарци,**
**хотел Фени,**
**на 5 јуни во 19 ч.**

**Струмица,**
**хотел Есперанто,**
**на 9 јуни во 19 ч.**

2x YOUR FOREVER

# SUCCESS DAY

Ве очекуваме на **2.07.2017**(недела) во хотел **„Holiday Inn“** со почеток од **11:00** часот, за да ги прославиме заедно постигнувањата и успесите на сите вас!

# ВАШИОТ БИЗНИС Х2

Удвојте го вашиот бизнис со помош на ПРОМОЦИЈАТА во јуни




**Новус клиент и Асистент Супервизор** - направете порачки во вредност од најмалку 1 бод на личен код и вклучете 1 нов СФБ

**Супервизор и повисоко**
- направете порачки во вредност од најмалку 2 бода на личен код и вклучете 2 нови СФБ

Доколку ги исполните барањата, добивате еднократно подарок - крпа за бања со логото на Форевер.

## facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products Macedonia**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.